# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: БАНКАРСТВО И МОНЕТАРНА И ФИСКАЛНА ПОЛИТИКА ВО ЕУ, НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 10.5.2021 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област финансии, по предметите: Банкарство и Монетарна и фискална политика во ЕУ, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-978/3, донесена на 28.5.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Горан Петревски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Љубе Трпески, редовен професор во пензија на Економскиот факултет во Скопје и д-р Владимир Филиповски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област финансии, по предметите: Банкарство и Монетарна и фискална политика во ЕУ, во предвидениот рок се пријави вонр. проф. д-р Ѓорѓи Гоцков.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот вонр. проф. д-р Ѓорѓи Гоцков е роден на 7.6.1973 година во Валандово. Средно образование завршил во средното усмерено училиште по математика и информатика “Раде Јовчевски-Корчагин“ во Скопје во 1997 година. Со високо образование се стекнал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет - Скопје. Дипломирал во 1997 година на департманот по финансиско сметководствен менаџмент, со просечен успех 8,36.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 1998/1999 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Економскиот факултет – Скопје, на насоката монетарна економија. Студиите ги завршил во 2002 година, со просечен успех 8,22. На 2.6.2009 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „ Методологија за следење и анализа на финансиските текови во Република Македонија”.

Докторска дисертација пријавил во 2009 година на Економскиот факултет – Скопје. Дисертацијата на тема: „Интергрирани макроекономски сметки и случајот на Република Македонија” ја одбранил на 6.12.2011 година пред Комисија во состав: проф. д-р Михаил Петковски, проф. д-р Љубе Трпески, проф. д-р Трајко Славески, проф. д-р Горан Петревски и проф. д-р Сашо Ќосев. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на економски науки.

На 24.2.2012 година е избран во звањето доцент на Економскиот факултет - Скопје (билтен бр. 1024 од 1.2.2012 година).

Во моментот е вонреден професор на Економскиот факултет - Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1133 од 1.11.2016 година.

Д-р Ѓорѓи Гоцков е вработен на Економскиот факултет - Скопје од 2009 година. Претходно се стекнал со богато практично искуство, проследено со работа на значајни позиции во Народната банка и Министерството за финансии. Исто така, членувал во неколку значајни меѓународни и домашни тела.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во билтени бр. 1024 од 1.2.2012 година и 1133 од 1.11.2016 година, како и научните, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата и подготовката на овој извештај, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Економски факултет – Скопје, кандидатот проф. д-р Ѓорѓи Гоцков изведува настава на прв циклус студии по предметите: банкарство и фискален и монетарен систем на ЕУ / монетарна и фискална политика во ЕУ, и на втор циклус студии на студиската програма монетарна економија, финансии и банкарство, по предметите: монетарна и фискална политика во ЕУ и монетарна анализа.

Во изведувањето на наставата кандидатот е целосно посветен на пренесување на знаењето на студентите, се користи со современи наставно – образовни методи, успешно ги организира и реализира предавањата и има отворена и постојана комуникација со студентите. Во функција на наставата, кандидатот е ангажиран со консултации со студенти од прв, втор и трет циклус на студии, менторира изработка и презентација на проектни задачи, дипломски и магистерски трудови. Кандидатот исто така учествува во изготвување на испитни прашања, организирање и спроведување на испити и колоквиуми по своите предмети.

Кандидатот д-р Ѓорѓи Гоцков бил ментор на 129 дипломски трудови, а учествувал и како член во Комисија за оцена и одбрана на 293 дипломски работи, 63 магистерски трудови и на 9 докторски дисертации.

Конкретните активности, со датуми и други релевантни податоци, се наведени во табелата во Образец 2, дадена во прилог на овој Извештај.

### Научноистражувачка дејност

Д-р Ѓорѓи Гоцков, од последниот избор до денот на пријавата, има објавено вкупно 15 научни трудови од областа финансии, од кои еден труд во меѓународно научно списание индексирано во Scopus, шест во меѓународни научни списанија индексирани во Ebsco, четири во списанија со меѓународен уредувачки одбор, еден во научно/стручно списание, два во зборници на трудови од научни/стручни собири и еден во годишник на Економски факултет – Скопје. Автор е на еден учебник/монографија, на два дела од монографија објавена во странство, како и коавтор на една научна монографија.

Д-р Ѓорѓи Гоцков учествувал во два национални научни проекти и одржал две пленарни предавања на научни/стручни собири. Бил рецензент на седум научни/стручни трудови.

Кандидатот бил ментор на 39 магистерски трудови.

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот (називите на трудовите, проектите и сл.), се наведени во табелата во Образец 2, дадена во прилог на овој Извештај.

### Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Ѓорѓи Гоцков активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Економскиот факултет во Скопје. Кандидатот има континуирано учество во

промотивните активности на Факултетот, како што се Отворениот ден на Економскиот факултет - Скопје и посети во средните училишта во Скопје и во земјата.

Д-р Ѓорѓи Гоцков остварил неколку експертски активности како надворешен соработник на Центарот за стручно образование и обука, и како член на националниот експертски тим во рамки на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации.

Активно е вклучен во работата на неколку стручни комисии и работни тела на Економскиот факултет во Скопје. Од 2019 година е раководител на втор циклус на студии на студиската програма монетарна економија, финансии и банкарство.

Тековно д-р Ѓорѓи Гоцков е член на Универзитетскиот сенат, а исто така членува и во тела на други органи.

Конкретни активности кои припаѓаат во стручно-применувачката дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот, се наведени во табелата во Образец 2 дадена во прилог на овој Извештај.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот проф. д-р Ѓорѓи Гоцков, во периодот додека бил вонреден професор, има добиено позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Економскиот факултет во Скопје, за секоја поодделна учебна година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и севкупна работа и ангажман на кандидатот д-р Ѓорѓи Гоцков, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес (вкупно пресметани 297,682 поени, од кои во наставно - образовната дејност – 142,382 поени, во научноистражувачката дејност – 137,40 поени и во стручно-апликативната дејност – 17,90 поени), Комисијата заклучи дека д-р Ѓорѓи Гоцков поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научната област финансии, по предметите: Банкарство и Монетарна и фискална политика во ЕУ.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Ѓорѓи Гоцков да биде избран во звањето **редовен професор** во научната област финансии, по предметите: Банкарство и Монетарна и фискална политика во ЕУ.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Горан Петревски, с.р.**
2. **Проф. д-р Љубе Трпески, с.р.**
3. **Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Ѓорѓи Славко Гоцков**
**Институција: Економски факултет – Скопје**
**Научна област: финансии (економски науки)**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ –РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

| Ред. број | Општи услови | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,36<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 8,22<br>Просечниот успех изнесува 8,29 за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: финансии; поле: економски науки; подрачје: општествени науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1/1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:<br>1. Назив на научното списание: *Journal Transition Studies Review*<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: Western Balkans Countries Income Convergence in the Context of EU Membership – Dynamics and Determinants<br>4. Година на објава: 2019 | ДА |
| 3.1/2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:<br>1. Назив на научното списание: *Journal BH Economic Forum*<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Наслов на трудот: Assessing the European Central Bank's Unconventional Measures – a Recursive VAR Approach<br>4. Година на објава: 2021 | ДА |

| | | |
|---|---|---|
| 3.1/3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:<br>1. Назив на научното списание: *Financial Studies*<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Наслов на трудот: Empirical analysis of the factors determining the profitability of insurance companies in the Republic of North Macedonia<br>4. Година на објава: 2021 | ДА |
| 3.1/4 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:<br>1. Назив на научното списание: *Balkan and Near Eastern Journal of Social Sciences*<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Наслов на трудот: Determinants of Real Convergence in Central and Eastern Europe<br>4. Година на објава: 2017 | ДА |
| 3.1/5 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:<br>1. Назив на научното списание: *KNOWLEDGE International Journal*<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Наслов на трудот: The Polak's Monetary Model and its Application on Macedonian Case<br>4. Година на објава: 2019 | ДА |
| 3.2/1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: *Asian Journal of Economics and Empirical Research*<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 14 членови од 11 различни земји<br>3. Наслов на трудот: Determinants of Liquidity and its Relationship with Profitability – The Case of Macedonian Banking Sector<br>4. Година на објава: 2019 | ДА |
| 4. | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на монографијата: Интегрирани макроекономски сметки и случајот на Република Македонија<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2013 | ДА |
| 5. | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 1 ноември 2016, бр. 1133 | ДА |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

**Членови на Комисијата**

1. **Проф. д-р Горан Петревски, с.р.**
2. **Проф. д-р Љубе Трпески, с.р.**
3. **Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 2**
**ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Ѓорѓи Славко Гоцков**
**Институција: Економски факултет – Скопје**
**Научни области: финансии (економски науки)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување настава**<br>[неделен број на часови * број на работни недели во семестар * бодување * години на изведување на настава]<br>Прв циклус студии<br>• Банкарство (6*15*0,04*5=18)<br>• Фискален и монетарен систем на ЕУ/Монетарна и фискална политика во ЕУ (6*15*0,04*5=18)<br>Втор циклус студии<br>• Монетарна и фискална политика во ЕУ (40*0,05*5=10)<br>• Монетарна анализа (40*0,05*5=10) | 56 |
| 2. | **Настава во школи и работилници**<br>• Main economic policies in the EU and the process of integration of the Republic of North Macedonia, Westminster Foundation for Democracy, 2020 (1 поен) | 1 |
| 3. | **Консултации со студенти**<br>[број на студенти * бодување]<br>Прв циклус студии<br>• Банкарство<br>2016/2017: 270*0,002=0,54<br>2017/2018: 250*0,002=0,5<br>2018/2019: 200*0,002=0,4<br>2019/2020: 190*0,002=0,38<br>2020/2021: 130*0,002=0,26<br>• Фискален и монетарен систем на ЕУ/Монетарна и фискална политика во ЕУ<br>2016/2017: 290*0,002=0,58<br>2017/2018: 280*0,002=0,56<br>2018/2019: 270*0,002=0,54<br>2019/2020: 250*0,002=0,5<br>2020/2021: 190*0,002=0,38<br>Втор циклус студии<br>• Монетарна и фискална политика во ЕУ<br>2016/2017: 32*0,002=0,064<br>2017/2018: 27*0,002=0,054<br>2018/2019: 32*0,002=0,064<br>2019/2020: 24*0,002=0,048<br>2020/2021: 18*0,002=0,036<br>• Монетарна анализа<br>2016/2017: 28*0,002=0,056<br>2017/2018: 13*0,002=0,026<br>2018/2019: 20*0,002=0,04 | 5,082 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2019/2020: 14*0,002=0,028<br>2020/2021: 13*0,002=0,026 | |
| 4. | **Ментор на дипломска**<br>[број на менторства * бодување 0,2]<br>129*0,2=25,8 | 25,8 |
| 5. | **Член за оценка и одбрана на докторски**<br>[број на комисии * бодување 0,7]<br>9*0,7=6,3 | 6,3 |
| 6. | **Член за оценка и одбрана на магистерски**<br>[број на комисии * бодување 0,3]<br>63*0,3=18,9 | 18,9 |
| 7. | **Член за оценка и одбрана на дипломска**<br>[број на комисии * бодување 0,1]<br>293*0,1=29,3 | 29,3 |
| | **Вкупно** | **142,382** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Ментор на магистерски труд**<br>39*2=78 | 78 |
| 2. | **Учесник во национален научен проект**<br>• Проект за развој на вештини и поддршка на иновации - Развој и дизајн на концепцијата за четиригодишно техничко образование - проект за развој на вештини и поддршка на иновации (2016-2020)<br>• Економско-финансиски ефекти на локалните финансии: компаративна анализа на Р. Македонија и земјите од Југоисточна Европа (2018)<br>3*2=6 | 6 |
| 3. | **Монографија**<br>• Младеновска, М. С., Петревски, Г., Гоцков, Ѓ. и др., (2019) „Економско-финансиски ефекти на локалните финансии: компаративна анализа на Р. Македонија и земјите од Југоисточна Европа", Економски факултет – Скопје<br>(8* 0,6 = 4,8) | 4,8 |
| 4. | **Дел од монографија објавен во странство**<br>• Гоцков, Ѓ. (2017), "Импликациите од европската должничка криза врз номиналната и реалната конвергенција на Република Македонија кон стандардите на ЕУ", *Импликациите од Европската должничка криза врз процесите на економската интеграција во Европската Унија*, МАНУ и БАН (Бугарската Академија на Науките) (6 поени)<br>• Гоцков, Ѓ. (2017), "Ефекти од кризата врз билансот на плаќање – случајот на Република Македонија", *Импликациите од Европската должничка криза врз процесите на економската интеграција во Европската Унија*, МАНУ и БАН (Бугарската Академија на Науките) (6 поени) | 12 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование (5 поени)**<br>• Gockov, Gj., Trpeski, P. (2017), "Austerity or Fiscal Stimulus in Times of Crisis – an Old Debate Without Consensus", KNOWLEDGE International Journal Scientific Papers, Vo.20.2, 561-569 (Ebsco) (5*0,9=4,5)<br>• Trpeski, P., Gockov, Gj., Cvetanoska, M. (2018), "Income distribution and its determinants in the Republic of Macedonia", KNOWLEDGE International Journal Scientific Papers, Vo.26.1, 173-179 (Ebsco) (5*0,8=4) | 8,5 |
| 4. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број членови (5 поени)**<br>• Gockov, Gj., Mladenovska, M.S., (2019), "Factors driving the public debt dynamics: the case of Republic of Macedonia", Journal of Contemporary Economic and Business Issues, JCEBI, Vol.6, No.1, 59-73 (5*0,9=4,5) | 4,5 |
| 5. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји (5 поени)**<br>• Petreski, G., Gockov, Gj., Mladenovska, M.S. (2016), "Determinants of Real Convergence in Central and Eastern Europe", Proceedings from International Balkan and Near Eastern Social Sciences Conference Series, 646-658, Prilep (5*0,8=4)<br>• Stojchevski, S., Gockov, Gj. (2017), "Return on risk-weighted assets (RoRWA) as the basis for new approach in management of the banks - the case of the Western Balkans", Proceedings, International Scientific Conference Economics and Management (EMAN 2017): Globalization Challenges, 214-224, Ljubljana, Slovenia (5*0,9=4,5) | 8,5 |
| 6. | **Труд со оригинални научни резултати објавен во научно/стручно списание (3 поени)**<br>• Гоцков, Ѓ., (2020), "Јазот штедење-инвестиции во државниот наспроти приватниот сектор во македонската економија", Зборник на трудови "Економски медитации", 323-340, МАНУ (1*3=3) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир (2 поени)**<br>• Gockov, Gj., Antovska, A. (2018), "Western Balkans countries income convergence in the context of EU membership: Opportunity or just a dream for increasing welfare?", Proceedings from 10th International Conference & Summer School "Economic Challenges in Enlarged Europe", 2018, Tallinn, Estonia (2*0,9=1,8)<br>• Гоцков, Ѓ., (2018), "Макроекономска стабилност и анемичен економски раст – некои „нелогичности" во македонската економија", Зборник на трудови од Научна конференција - Идни предизвици на економскиот развој и економските политики на Република Македонија, 191-211, МАНУ, Охрид (2 поени) | 3,8 |
| 8. | **Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција(2 поени)**<br>• Гоцков, Ѓ., (2018), "И ликвидност и профитабилност – случајот на македонскиот банкарски систем", Годишник на Економски факултет, Том 53, стр. 67-80 | 2 |
| 9. | **Рецензија на научен/стручен труд (0,2)**<br>• Рецензија на труд во: Годишник на Економски факултет - Скопје, Економски факултет - Скопје (3 труда)<br>• Рецензија на труд во: Journal of Contemporary Economic and Business Issues, Економски факултет - Скопје, (1 труд)<br>• Рецензија на труд во: International Scientific Conference: Economic and Business Trends Shaping the Future Економски факултет - Скопје (3 труда)<br>(7*0,2=1,4) | 1,4 |
| 10. | **Пленарно предавање на научен/стручен собир (2 поени)**<br>• Перформансите на македонскиот банкарски сектор, Катедра за финансии, Економски факултет – Скопје, 2020<br>• Еднаквост и социоекономски развој, научно-истражувачката студентска конференција, 2020<br>(2*2=4) | 4 |
| 11. | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција (1 поен)**<br>• Gockov, Gj., and Makreshanska Mladenovska, S., "Factors driving the gross public debt dynamics: The case of Republic of Macedonia", објавен во зборник од меѓународна научна конференција со наслов "Transforming the business for future: Building a modern HR organization", Економски факултет – Скопје, 4-5.10.2018 година<br>(1*0,9=0,9) | 0,9 |
| | **Вкупно** | **137,4** |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Експертски активности (1 поен)**<br>• Член на Национален експертски тим во рамки на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации - Развој и дизајн на концепцијата за четиригодишно техничко образование 2017-2020<br>• Надворешен соработник на Центарот за стручно образование и обука за изготвување на стандард на квалификација со наставен план за образовниот профил Економски техничар 2017-2020<br>• Надворешен соработник на Центарот за стручно образование и обука за изготвување на (1) наставни програми по предметот Банкарско работење, и (2) стандард на квалификација за образовниот профил Банкарски техничар (2016-2018)<br>(3*1=3) | 3 |
| 2. | **Учество во промотивни активности на Факултетот (0,5)**<br>• Комисија за промоција на Економски факултет – Скопје и посета на средни училишта (2017, 2018, 2019, 2020) (4*0,5=2)<br>• Отворен ден на Економски факултет – Скопје и УКИМ (2018, 2019) (2*0,5=1)<br>• Отворен ден II циклус студии (2019, 2020) (2*0,5=1) | 4 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 3. | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (1 поен)**<br>• Член на Организациски одбор на меѓународната конференција Economic and Business Trends Shaping the Future 2020, во организација на Економски факултет – Скопје (1 поен) | 1 |
| 4. | **Член на Универзитетскиот сенат (2 поени)**<br>• Член на Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2020-тековно (1*2=2) | 2 |
| 5. | **Член на факултетска комисија (0,5)**<br>• Член на Комисија за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2019/2020 година<br>• Член на Комисија за валоризација на кредити за докторски семинар (за м-р Мартин Стојановиќ), 3.2019 година<br>• Член на Комисија за валоризација на кредити за докторски семинар (за м-р Калтерина Абази Јусуфи), 4.2019 година<br>• Член на Комисија за валоризација на кредити за докторски семинар (за м-р Мартин Стојановиќ), 11.2019 година<br>• Член на Комисија за валоризација на кредити за докторски семинар (за м-р Калтерина Абази Јусуфи), 1.2020 година<br>• Член на Комисија за валоризација на кредити за докторски семинар (за м-р Јани Манасов), 2.2020 година<br>• Член на Комисија за спроведување на постапката за избор на демонстратори на Катедрата за финансиски менаџмент, Економски факултет – Скопје, 2019 година<br>(7*0,5=3,5) | 3,5 |
| 6. | **Член на комисија за избор во звање (0,2)** | 0,4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Избор во звање – вонреден професор на доц. д-р Кирил Јовановски на Економскиот факултет во Скопје, 2019<br>• Избор во звање – вонреден професор на доц. д-р Сузана Макрешанска Младеновска на Економскиот факултет во Скопје, 2020<br>(2*0,2=0,4) | | |
| 7. | **Раководител на постдипломски или докторски студии (2 поени)**<br>• Раководител на втор циклус на студии по Монетарна економија, финансии и банакрство, 2019-тековно (1*2=2) | 2 |
| 8. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи (1 поен)**<br>• Член на Советот за евроинтеграции при МАНУ, 2016-2019<br>• Член на Одборот на директори на Централен депозитар на хартии од вредност<br>(2*1=2) | 2 |
| | **Вкупно** | **17,9** |

| | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **142,382** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **137,4** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **17,9** |
| **Вкупно** | **297,682** |

**Членови на Комисијата**

1. **Проф. д-р Горан Петревски, с.р.**
2. **Проф. д-р Љубе Трпески, с.р.**
3. **Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Ss. Cyril and Methodius University in Skopje**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ
Примено: 13-10-2021
Орг. Един.: 04 | Број: 1302/2 | Прилог: | Вредност:

Бр. 02-1011/6
30.9.2021 година
Скопје

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 43, член 173, став 2 и член 175, став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021), Универзитетскиот сенат на 13. седница одржана на 30.9.2021 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**потврдување на избор во звањето редовен професор**

**Член 1**

Се потврдува изборот во звањето редовен професор на **д-р Ѓорѓи Гоцков,** вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Економски факултет во Скопје, во наставно-научната област:

- *финансии.*

Редовниот професор го задржува звањето доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Претседател**

**Проф. д-р Анета Баракоска**

ДН:

- Економски факултет - Скопје
- проф. д-р Ѓорѓи Гоцков

Генерален секретар: м-р Марија Маневска

Изработил: м-р Елизабета Додевска